Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

99 години

Број 468 www.mchamber.mk 24.9.2021




# ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПОДДРШКА: КО-ФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ИНОВАЦИИ ПРЕЗЕНТИРАН ПРЕД КОМПАНИИТЕ

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

Алкалоид Скопје · EVN · vitaminka · NLB Banka · GRANIT Building & Construction

IGM trade · T · · · МЕПСО Македонски електропреносен систем оператор · ECM Електрани на Северна Македонија · Gulf

ПЕКАБЕСКО · euro Nickel Industries · nextsense · VERO сè на едно место · КОЖУВЧАНКА · MERMERE Kombinat

## СТАНДАРД Покровители

ComfyAngel · OKTA · РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС Сервис и поправка на електрични производи

RADE KONČAR-TEP · A1 · seavus www.seavus.com · ZAN MITREV CLINIC

СЕМОС · CROATIA OSIGURANJE Кроација осигурување · HALKBANK · СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата На ваша страна

scalefocus · ДЕ-НИ МЕБЕЛ · cargo-partner · Life Is On Schneider Electric

## СИЛВЕР Покровители

Мени Екстра · SPARKASSE BANK · Ultra! · SMELT-ING

VEZESHARRI · LECKER · elektro sharri · SOCOTAB Leaf tobacco · Swisslion · AllianceOne




достапни насекаде ...

**Посетете не’ на веб-порталот: www.mchamber.mk**

ISO 9001:2015

**Стопанската комора на Северна Македонија**
**ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ**
**со новиот стандард ISO 9001:2015**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# „МЕНАЏИРАЊЕ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ – КЛУЧ ЗА РАЗВОЈ НА КОМПАНИИТЕ“




Стопанската комора на Северна Македонија во спроведените анализи во кои учествуваа компаниите членки, ги идентификуваше недостигот од кадар, неусогласеноста на понудените вештини и квалификации со потребите на реалниот сектор. Но покрај овие потреби, компаниите укажуваат и кон потребата од обука на вработените за компетенции кои не се стекнуваат низ формалното образование, а кои се клучни за работното место.

Во таа насока идентификувана е потреба од поддршка на секторот за човечки ресурси во компаниите со цел поддршка и стратешки развој на компаниите, во услови кога недостатокот на кадар, особено на квалификуван кадар и неможноста на компаниите да ги следат инвестициските планови се особено изразени.

За таа цел преку Проектите на швајцарската амбасада, „Образование за вработување во Северна Македонија“-Е4Е@мк и „Зголемување на пазарната вработливост“ - ИМЕ изготвена е програма со која се креира поддршка на компании за надминување на ваквите проблеми. А во рамки на програмата LEARN2GHROW на 21 септември 2021 година ќе се одржи првиот вебинар за човечки ресурси, со поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка.

Достоинствени работни места и одржлив економски раст се едни од главните цели на Швајцарската програма за соработка во Северна Македонија веќе речиси

една деценија. Она што е заедничко за овие две цели е развојот на човечкиот капитал, а потврда за важноста на оваа тема е и што денешната иницијатива ја поддржуваме преку две програми, Програмата за пазарна вработливост, којашто работи на развој на приватниот сектор, како и Програмата Образование за вработување, којашто работи на развој на вештини, изјави Анета Дамјановска, национален програмски офицер при Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија.

Успешните компании знаат дека вработените се најголемиот капитал и дека треба постојано да вложуваат во привлекување и развој на кадарот. Исклучително важно е компаниите да направат уште еден чекор и да се вклучат и во развој на вештините на младите уште додека тие се во образовниот процес. Ова би придонело кон уште побрза и полесна интеграција на новите вработени во компаниите, со што тие за покус период би ја постигнале очекуваната продуктивност. Од овој процес немаат придобивки само компаниите, туку и младите лица кои полесно би преминале од образовниот процес до вработување.

Искуството од Швајцарија покажува дека токму вклучувањето на компаниите во образовниот процес што пак резултира во квалификуван кадар, е еден од клучните фактори за конкурентноста на швајцарската економија.  Токму затоа во новата Програма за соработка во Северна Македонија 2021-2024,  Швајцарија ќе продолжи да ги поддржува развојот на вештините и растот на приватниот сектор, со цел создавањето на достоинствени работни места и поконкурентна економија, заклучи Дамјановска.

Подетално за самата Програма презентираше Наташа Ивановска, сертифициран тренер и консултант за човечки ресурси која појасни дека ќе биде објавен и повик за кофинансирана програма за менторство и коучинг за вовед и развој на вработените во 10-тина компании.

Целта е новите вработени во компаниите побрзо да се вклопат во процесите и во тимот, со фокус на инклузија на млади и жени, зголемување на посветеноста и учинокот, раст на бизнисот низ финансиски индикатори, како и поставени политики кои ќе бидат основа на сите активности во областа на управувањето со вработените, изјави Ивановска.

Идејата е компаниите да остварат поблиска комуникација со образоавните институции од каде доаѓаат нивните идни вработени за реализација на пракса со можност за вработување на најдобрите. Програмата LEARN2GHROW е применлива за компании кои имаат визија за развој и утврдени потреби за стручна поддршка за управувањето и развојот на вработените со исполнување на одредени предуслови.

# РАСТ НА БИЗНИСОТ ПРЕКУ РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ




Во рамки на Програмата „LEARN2GHROW“ која ќе се реализира во периодот октомври 2021 – јануари 2022 година, во рамки на Проектите „Образование за вработување во Северна Македонија“-Е4Е@мк и „Зголемување на пазарната вработливост“ – ИМЕ, а со поддршка од Стопанската комора на Северна Македонија, денес беше одржан вебинар на тема: Раст на бизнисот преку развој на вработените.

Вебинарот се фокусираше на областите коучинг и менторство за вовед на вработените на работното место, како клучен фактор за забрзано вклучување во работните процеси, задржување и зголемена продуктивност. Вештините кои се добиваат преку процесите на коучинг и менторство се применливи во областите менаџмент и лидерство, важни за развојот на секоја компанија.

Во првиот панел насловен: „Предизвици на компаниите да најдат воведат и задржат квалитетни вработени и ефектите врз бизнисот, предизвиците со Ковид кризата и можни решенија од овие предизвици од теорија кон пракса“, свое обраќање имаше Билјана Пеева-Ѓуриќ, оперативен директор на Стопанската комора на Северна Македонија, која пред присутните ги сподели активностите кои Комората ги реализира во насока на истражување на потребите од квалификации кои треба да ги поседува работната сила за активно да се вклучи во работните процеси.

Долгорочно, преку формалното образование како Комора предложивме изучување на квалификации согласно потребите на компаниите. За таа цел баравме при креирање на уписната политика да се земат во предвид анализите на Комората за реалните потреби од квалификации, а особено фокусот го ставаме на дуалното образование како најефикасен начин на стекнување на квалификациите. Улогата на Комората во овие процеси е како мост помеѓу стручните училишта и компаниите за унапредување на нивната соработка и вмрежување, што дополнително се унапреди преку учество во кампањата „Учи паметно, работи стручно“.

Краткорочно, преку неформално образование, односно со подготовка на програми за квалификации и реализација на обуки за преквалификација и доквалификација согласно потребите на компаниите. Од особено значење е да се наведе дека податоците од анализите за потребните квалификации ги користат повеќе државни и меѓународни институции, а особено ја нагласувам соработката со Агенцијата за вработување при подготовка на Оперативниот План за обуки за потребни занимања на пазарот на трудот, изјави Пеева-Ѓуриќ.

Оперативниот план е ‘рбетниот столб на Агенцијата за вработување, преку чии мерки, програми и услуги за вработување се постигнува вработливост. Од особена значење се мерките кои овозможуваат субвенционирање на вработените во период од 6, 9 и 12 месеци, мерките за самовработување, но и мерката за практикантство кај познат работодавач, за која од денес повторно е отворен повикот. Досегашната пракса покажува дека после 3 месеци голем дел од лицата добиле можност за вработување, истакна Флорие Љачи, раководител на секторот за активни мерки и услуги во Агенцијата за вработување на РСМ. Традиционално еднаш годишно Агенцијата за вработување врши анкетирање на работодавачите за побаруваните занимања, споделените податоци ги разменуваме со Министерството за образование и наука и Центарот за образование на возрасните и врз основа на утврдениот дефицит, организираме обуки за побарувани занимања на пазарот на труд, заклучи Љачи.

Во своето обраќање проф. д-р Ирина Мајовски, од Економскиот институти при Универзитетот Св. Кирил и Методиј се фокусираше кон потребата на нови знаења и вештини, како есенцијален фактор за постигнување конкурентност во век базиран на знаење. Покрај стручните вештини, од особено значење е и поседувањето на меки и дигитални вештини. Концептот на доживотно учење се наметнува како помеѓу индивидуите така и кон организациите, па во насока на адекватно користење на човечкиот капитал мора да вложување во нови знаења и вештини на вработените,

кои ќе претставуваат комбинација одстручни, меки и дигитални вештини.

Перформансите на вработените не се само резултатат на нивните вештини, тука голема улога имаат и други фактори како мотивација, опкружување на работната средина, вклученост во носењето одлуки и самата припадност на вработениот во концептот на оранизацијата. Малите и средни претпријатија ги карактеризира отуството од лица задолжени за спроведување на политиките за човечки ресурси, трошокот по единица обука кај нив е повисок за разлика од големите компании. Во оваа група на компании најчесто фокусот е кон обуки за стручни вештини за вработените, додека обуките за меки вештини се повеќе застапени за менаџментот, додека пак кај големите компании постои избалансираност во вложувањето во обуки за стручни и меки вештини, потенцираше д-р Мајовски.

Гледано од апсект на потенцијалните вработени, можеме да заклучиме дека кандидатите имаат издигната свесност за тоа каква работа сакаат да работат, во каква работна средина и култура се гледаат себеси. Нивните знаења и вештини се истакнуваат и се препознаени на глобалниот пазар на труд, изјави Јулијана Миновска, директор на Headhunter Македонија. Во своето обраќање таа се фокусираше и кон причините за промена на работните места кои варираат од самата позиција во компанијата. За пониските позиции основна причина се платата и подобрите работни услови, додека кај средни и високи позиции причините се недостиг на можност за напредување, финансиска стабилност, недостиг на план за развој на работното место, бенефиции и награди.

Во сумирање на првиот панел Биљана Велевска, консултант за човечки ресурси и организациски развој во Импулси, заклучи дека стручните вештини се од особено значење за работодавачите, но исто така дека и стручното образование не ги дава очекуваните резултатите, за што за големо поздравување се активностите на Стопанската комора на Северна Македонија во вклучување на компаниите во дуалното образование. Таа исто така додаде дека кај малите и средни претпријатија не постои план за вложување во човечките ресурси и дека процесот на практикантство е потешко изводлив во оваа категорија компании токму поради ограниченоста на ресурсите, за што особено би помогнал прирачникот за тоа како да го спроведат процесот на практиканство.

Вториот панел насловен како „Позитивни искуства од примената на слични практики за човечки ресурси при развој на бизнисот, особено во Ковид кризата“ имаше за цел да го слушне гласот на бизнис претставниците.

# ДЕФИНИРАНИ НИЗА АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД




Управниот одбор на Советот на странски инвеститори одржа редовна онлајн седница на 22.09.2021 година, на којашто се дискутираше за повеќе актуелни теми и економски состојби во земјата, врз основа на што ќе се предлагаат мерки и препораки за подобрување на на климата за водење на бизнис и инвестирање во земјата.

На состанокот беа разгледани измените на Законот за финансиска поддршка на инвестиции кое Собранието на РСМ ги усвои на 04.08.2021 година со кои се релаксираат условите за аплицирање, се влијае на рамномерниот регионален развој, но за забрзување на процедурите за исплата на средства. Беше одлучено одредени делови од Законот да да бидат предмет на ревизија и дополнување во интерес на сите заинтересирани страни преку активен и креативен дијалог со бизнис-заедницата со дополнителни предлози од страна членовите на Советот на странски инвеститори.

Поради големиот успех и интерес на студенти и млади таленти од предходните изданија, беше одлучено да се продолжи со програмата „Млади менаџери и бизнис-лидери“ под покровителство на претседателот на државата. Програмата „Млади

менаџери и бизнис-лидери" се реализира преку соработка меѓу Кабинетот на Претседателот и Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија. Во неа учествуваат млади луѓе и компании-членки на Советот кои ги ставија на располагање своите капацитети за младите лица да имаат можност да стекнат нови, практични знаења. Програмата предвидува обуки за стратешко планирање и лидерски вештини, вебинари, подготовка на студија на случај и посета на различни сектори во рамки на компаниите.

Во понатамошниот дел од седницата членовите на Управниот одбор на Советот на странски инвеститори дискутираа за предизвиците со кои се соочуваат странските компании, поврзани со влијанието на глобалната економска криза предизвикана од пандемијата со Ковид-19, интерните процедури и акции за вакцинација на нивните вработени, како и за други прашања од тековното работење на странските компании.

Следната квртална седница на Управниот одбор на Советот на странски инвеститори ќе се одржи во средината на месец декември.

***Советот на странски инвеститори е основан на 27 февруари 2006 година со цел домашната економија да стане попривлечна за инвестирање преку поедноставување на деловното опкужување и зголемување на предвидливоста на работењето.***

***МИСИЈАТА НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ Е: „Активно промовирање и развој на предвидлива, конкурентна и одржлива деловна средина преку отворен дијалог со властите и другите релевантни чинители."***

***Во моментот во Советот на странски инвеститори членуваат повеќе од 130 компании со странски капитал во земјата.***

# Со ретроспективна изложба и донација од четири милиони денари за Клиниката за детски болести, „Алкалоид“ одбележа 85-годишен јубилеј



Првиот филм за „Алкалоид“ од 1950 година, најстарото кутивче и оригиналното одобрение за производство на лекот „Кафетин“, првите пакувања „Бекутан“, најстарите индустриски машини и голем број други компаниски експонати се поставени на изложбената поставка во Музејот на Град Скопје по повод 85-годишниот јубилеј на „Алкалоид“.

– Јубилеите вообичаено ги одбележувавме во поширок состав, бидејќи „Алкалоид“ е компанија за сите! Приликите за овој јубилеј ни наложија друг формат, па се одлучивме нашето минато и нашата сегашност да ги отвориме за сите. Цела година собиравме драги спомени и на простор од околу 300 м2 ги спакувавме најзначајните моменти од нашата и ваша историја, истакна генералниот директор на компанијата, Живко Мукаетов.

„Алкалоид“ годинава го започна јубилејот со промовирање на хуманитарниот видеоспот од антологиската „Чукни во дрво“ на гитарскиот виртуоз Влатко Стефановски, во изведба на дечињата од Проектот „Дајте музика“, при што за секој преглед на дигиталните канали, од 10 јуни до 20 септември, компанијата назначи дека ќе ѝ донира по еден денар на Универзитетската клиника за детски болести.

-Со овој видеоспот дечињата пренесоа пораки на благодарност, оптимизам и емпатија до најзасегнатите општествени категории на граѓани со пандемијата. За сета позитивна енергија и добри мисли, споделени со прегледите на ова видео, одлучивме да донираме наместо еден, по два денари од преглед или износ од 4.099.448 денари на Клиниката за детски болести во Скопје, рече Мукаетов.

Симболичниот чек децата актери од Проектот „Дајте музика" ѝ го врачија на проф. д-р Аспазија Софијанова.

Беше промотивно прикажано  јубилејно видео, за кое се користени стари, автентични филмски кадри за фабриката од 1950 и 1962 година, споени со модерни процеси, кои денес се изведуваат во производствените погони на компанијата.

Паралелата меѓу минатото и сегашноста е заокружена со маестралната графика специјално изготвена за алкалоидовиот јубилеј, чиј автор е познатиот македонски уметник Михаил Корубин.

Ретроспективната изложба ќе биде отворена од денеска до 12 октомври за целата македонска јавност.



# ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПОДДРШКА: КО-ФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ИНОВАЦИИ ПРЕЗЕНТИРАН ПРЕД КОМПАНИИТЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој организираше виртуелна презентација на Инструментот за ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновации.

Целта на инструментот е да поттикне зголемување на активности за истражување и развој во приватниот сектор, да се охрабри соработката помеѓу приватниот сектор и високообразовните и научноистражувачките установи, како и останати форми на соработка за комерцијализација на иновации.

Инструментот е наменет за претпријатијата кои сакаат да развијат иновативен производ, услуга или процес, сами или во соработка со друго претпријатие и/или установа која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност. Инструментот нуди финансиска поддршка на претпријатија регистрирани во Република Северна Македонија со цел да развијат и имплементираат иновативни решенија, вклучувајќи поддршка за претпријатија со висок потенцијал за раст. Поддршката преку овој инструмент ќе биде доделена на проекти со јасна комерцијална цел кои се во фаза на прототип (или соодветна фаза во зависност од видот на иновативниот производ, услуга, процес) сѝ до прет-комерцијална (прет-пазарна) фаза.

Преку овој инструмент Фондот за иновации и технолошки развој обезбедува финансиска поддршка во максимален износ од 20.000.000,00 (дваесет милиони) денари и тоа:

за претпријатија чиј просечен број на вработени е до 50 (педесет) вработени и чиј годишен приход во последните две години е помал од 2.000.000,00 (два милиони) евра, финансирање до 70% од вкупниот буџет на проект односно за претпријатија чиј просечен број на вработени е од 50 (педесет) до 250 (двестотини и педесет) и чиј годишен приход во последните две години е поголем од 2.000.000,00 (два милиони) евра, а помал од 10.000.000,00 (десет милиони) евра, финансирање до 60% од вкупниот буџет на проектот.

Износот на остварени годишни приходи и просечен број на вработени се утврдува согласно финансиските извештаи за 2020 и 2019 година.

**Критериуми за подобност на апликантот**

- да е трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- годишните приходи на апликантот да не надминуваат 10.000.000 (десет милиони) евра, според финансиските извештаи за претходните две фискални години;
- просечниот број на вработени согласно финансиските извештаи за претходните две години да не надминува 250 вработени;
- да не е поврзан (согласно Законот за трговските друштва) со друго претпријатие чии годишни приходи надминуваат 10.000.000 (десет милиони) евра и просечниот број на вработени да не надминува 250 во претходните две фискални години, освен во случај на поврзаност со високообразовна, односно научноистрачувачка установа;
- апликанти со над 3 (три) години на постоење до моментот на аплицирање да немаат остварена загуба согласно финансиските извештаи за последните две календарски години, согласно член 14 став 1 алинеја 5 од Правилникот и одредбите од Јавниот конкурс. Со оглед на економската криза во 2020-та година предизвикана од Ковид19 пандемијата, како година која ќе се смета за меродавна за проверка на остварена загуба е само 2019-та година.
- до моментот на аплицирање на јавниот повик, да нема тековен (активен) проект кој е финансиски поддржан од страна на Фондот по основ на некој од инструментите за поддршка;
- против него да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација;
- да има подмирени доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси;
- против него да не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања;
- да ги исполнува условите од Законот за контрола на државна помош и условите од член 6 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

Во случај на предлог проекти поднесени од страна на конзорциум, предлог проектот во име на конзорциумот го поднесува водечки апликант.Членови на конзорциумот можат да бидат: претпријатија, високообразовни и научно-истражувачки установи од земјата и од странство.

**Секој член на конзорциумот треба да ги исполнува следниве критериуми:**

- годишните приходи да не надминуваат 10.000.000,00 (десет милиони) евра, според финансиските извештаи за претходните две фискални години, освен во случај членот на конзорциум да е високообразовна, односно научноистрачувачка установа;
- просечниот број на вработени согласно финансиските извештаи за претходните две години да не надминува 250 вработени, освен во случај членот на конзорциум да е високообразовна, односно научноистрачувачка установа;
- против него да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација;
- да има подмирени доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси;
- против него да не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања;да ги исполнува условите од Законот за контрола на државна помош и условите од член 6 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

**Активности прифатливи за финансирање:**

- активности за истражување и развој;
- активности за тестирање;
- активности поврзани со заштита на интелектуална сопственост;
- дизајн;
- развој на пилот линии;
- активности поврзани со обезбедување квалитет;
- активности за маркетинг и продажба (насочени кон доведување на иновацијата до инвестициска подготвеност и зрелост за воведување на пазарот).

**Подобни трошоци за финансирање**

- бруто плати за вработените лица кај апликантот и членовите на конзорциумот кои ќе бидат ангажирани на проектот. Износите на бруто плати на вработените ангажирани на проектот треба да соодветствуваат на воспоставените практики на корисникот пред почетокот на проектот, намалени за износот на потенцијална државна субвенција примена по основ на плата; набавка и/или изнајмување на опрема и потрошни материјали за истражување и развој;
- под-договорни услуги за истражување и развој (пр. тестирање, лабораториски услуги и сл.);
- ангажирање на експерти/советници за истражување и развој;
- ангажирање на консултанти за останати потреби директно поврзани со очекуваните резултати на проектот (експертиза поврзана со иновациски менаџмент, финансиски менаџмент, мобилизација на средства, бизнис развој, маркетинг, правни работи, заштита на интелектуална сопственост и друго);
- подготовка и поднесување на пријава за патент, заштита на трговска марка и/или индустриски дизајн;
- трошоци за маркетинг;
- канцелариска и деловна поддршка (наем на деловен простор, режиски трошоци, банкарски провизии, сметководствени услуги, хостинг и останати видови на административна помош) во максимален износ од 10% (десет проценти) од вкупниот буџет на проектот.

Единствено трошоците настанати за активности спроведени за времетраење на проектот, а кои се во согласност со одобрениот буџет на проектот и правилата и процедурите на Фондот се подобни за финансирање.

**Рокот за аплицирање на повикот е до 15.10.2021 година, до 14.00 часот.**

Повеќе информации поврзани со јавниот повик се достапни на следниот линк:

https://fitr.mk/komercijalizacija2021/ .


video
example
software
easily
participant
electronic
time
information
teaching
courses
term online
education
social
content
objects
assessment
online
web
example
student
E-LEARNING
knowledge
software
computers
support
virtual
electronic
system
work
cost
elearning
example
assessment
classroom
internet
devices
video
system

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси



Семинар
07.10.2021

# ЕФЕКТИВНА ЈАВНА КОМУНИКАЦИЈА (Јавен говор, пресс конференции, презентациски вештини и интервјуа

Стопанската комора на Северна Македонија, на 7 октомври 2021 година, организира еднодневен семинар на тема: ЕФЕКТИВНА ЈАВНА КОМУНИКАЦИЈА (Јавен говор, пресс конференции, презентациски вештини и интервјуа).

Целта на семинарот:

Целта на семинарот е да се подобрат капацитетите за јавна комуникација на учесниците од приватниот и јавниот сектор, а поконкретно да се зајакнат вештините за јавно зборување и презентација.

На учесниците ќе им биде овозможено да се запознаат со техниките за ефективно и професионално комуницирање низ убедлива презентација на политиките и програмите на работа во секторот во којшто дејствуваат, активностите во коишто се вклучени и резултатите што ги остваруваат. Освен тоа, ќе се стекнат со вештини за ефективно вклучување на целните групи во својата работа и комуницирање на начин што води кон остварување поголеми резултати.

Низ презентација и практични вежби учесниците ќе имаат можност да ги совладаат вештините за ефективна комуникација со медиумите, техниките и пристапите што ќе им овозможат градење продуктивна поврзаност со новинарите и пренесување на клучните пораки од својата област на делување.

За кого е наменет семинарот?

Семинарот е наменет за вработени од приватните компании, државни и јавни институции, кои се директно вклучени во јавно говорење и комуникација со медиуми и други лица надвор од организациите (лица одговорни за односи со јавност, маркетиг, ПР, сопственици, менаџери и др) како и останати учесници кои имаат интерес да го прошират или усовршат своето знаење по дадената проблематика.

**Контакт лица:**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Семинар**
**13.10.2021**

# НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ ЗА POWER PIVOT ЗА АНАЛИЗА И ОБРАБОТКА НА ГОЛЕМИ СЕРИИ НА ПОДАТОЦИ ОД ПОВЕЌЕ БАЗИ

Пивот табелите во Ексел спаѓаат во најважните алатки во деловното планирање, микроекономската анализа и носењето на одлуки. Сепак, обичните пивоти можат да работат со една база, додека во реалниот свет се случува потреба да се користат повеќе бази на податоци.

Со користење на Power Pivot алатката на Ексел се добива моќно средство за анализа и обработка на големи серии на податоци од повеќе бази.

За разлика од класичните пивот табели, Power Pivot се многу помоќни, со нив можете да анализираат повеќе бази на податоци наеднаш, да работите со масивни количини на податоци и да создавате дата модели.

Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме Power Pivot табелите, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки.

Обуката е наменета за сите оние коишти сакаат да научат како да:

- Препознаваат ситуации во кои примената на Power Pivot табелите може да помогне во процесот на одлучување;
- Да спроведуваат комплексни анализи во пракса користејќи Power Pivot и на тој начин да издвојуваат дополнителни информации од собраните податоци;
- Интерпретираат различни нумерички податоци прикажани во деловните извештаи или критички да пристапат во вреднувањето на статистичките податоци пред носењето на деловни одлуки.

Power Pivot е дел од софтверот Мајкрософт Ексел. Тој е позициониран како add-in во Ексел 2010, 2013 и 2016.

Се препорачува учесниците на обуката да имаат инсталирано Ексел 2016 или најмалку Ексел 2010.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

Семинар
14.10.2021

# ОСНОВИ НА CONTENT MARKETING И КАКО ДА ГО ИСКОРИСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ВАШИОТ БИЗНИС

Content Marketing е функционална област од дигиталниот маркетинг, која им овозможува на организациите да креираат и споделуваат дигитални содржини кои ќе ја привлечат нивната идеална публика. Создавањето content е моќен дел од стратегијата на една компанија, а овозможува креирање брендинг и едуцирање на корисниците преку директно персонализирано обраќање. Употребата на content marketing им дава на брендовите можност да ја ангажираат и да ја мотивираат целната публика на начин кој е релевантен за неа, притоа остварувајќи најдобри резултати од електронската комуникацијата.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија организира „онлајн" семинар на тема: „ОСНОВИ НА CONTENT MARKETING И КАКО ДА ГО ИСКОРИСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ВАШИОТ БИЗНИС" во насока на теоретско и практично изучување на content marketing како метод на комуникација на дигиталните медиуми.

Овој семинар ќе ви овозможи да се запознаете со Content Marketing-от, да дознаете како да го примените во пракса, да креирате таргет персони и анализа на пазарот, а преку практични задачи да се стекнете со вештини за надградување на стратегијата на вашата компанија.

**За кого е наменет овој семинар?**

Овој семинар е наменет за претставници на маркетинг секторот во компаниите, како и за сите претприемачи и сопственици на бизниси кои сакаат да се запознаат со концептот на Content Marketing за да ја развијат и подобрат маркетинг стратегијата на компанијата, нејзината содржина и брендинг, но и да ги усовршат таргет персоните и истражувањата на пазарот.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Семинар**
**19.10.2021**

# ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА - НАЧИН КАКО НАЈДОБРО ДА ГО ЗАШТИТИТЕ ВАШИОТ БИЗНИС

Со цел унапредување на безбедноста и здравјето при работа, Стопанската комора на Северна Македонија на 19 октомври 2021 година, во соработка со Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР), ќе реализира еднодневен „он-лајн" семинар на тема: Противпожарна заштита - начин како најдобро да го заштитите Вашиот бизнис.

За време на семинарот ќе бидат опфатени теми поврзани со обврските на засегатите страни за заштита од пожар, евакуација и спасување во објектите, во насока на превземање мерки да не настане пожар, а доколку настане да се намали на најмала можна мера опасноста по безбедноста и здравјето на вработените и другите присутни лица, земајќи го предвид технолошкиот процес, материјалите кои се користат при работа, начинот на работа, складирање на материјалите, како и големината на објектот. Во зависност од природата на процесот на работа неминовно е да организира и обезбеди евакуација, спасување и прва помош во случај на извесна ситуација која може да ги загрози безбедноста и здравјето на вработените и посетителите во објектите (елементарна непогода, пожари, експлозии, испуштање на опасни материи над дозволената граница и слично) и да ги оспособи лицата кои ќе ја спроведуваат евакуацијата и спасувањето. Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, должност е да се спроведува за сите вработени лица, независно од тоа дали се во редовен работен однос или на одредено работно време, како и сите студенти и други лица, кои по било кои основ се наоѓаат или се задржуваат во кругот или во просториите на објектите сопственост на правниот субјект.

Оваа обука според Правилникот за едукација на стручни лица за безбедност при работа се бодува со 10 бода за пасивно учество на истата.

Сите заинтересирани учесници можат да се пријават најдоцна до 15 октомври 2021 година.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**Саем**
**15.10.2021 - 17.10.2021**

# КУПУВАЧКА МИСИЈА И ПОСЕТА НА САЕМОТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЗА ДИЗАЈН „BUILD EXPO GREECE“

Стопанската комора на Северна Македонија ве поканува да учествувате на претстојната купувачка мисија и посета на саемската манифестација „Build Expo Greece“, која ќе се одржи во периодот од 15 до 17 октомври 2021 година во „Metropolitan Expo Centre“, Атина, Република Грција.

Саемот „Build Expo Greece“ претставува деловен мост меѓу три континенти, кој на едно место успешно ги спојува највлијателните чинители од градежниот сектор на светско ниво, за да споделат искуства и за да се запознаат со најновите иновации во секторот. Како членка на Европската Унија и на еврозоната, Грција е природен економски центар на Југоисточна Европа, идеален влез за Блискиот Исток, Западна Европа и за Северна Африка и нов логистички центар за сиот регион.

Во рамките на посетата на Саемот планирано е и реализирање билатерални средби со грчки компании од градежниот сектор, на база на однапред договорени средби (matchmaking).

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со организаторите, на учесниците им обезбедува:

- бесплатно хотелско сместување за двајца претставници од компанија;
- бесплатен превоз од аеродромот до хотелот и од хотелот до Саемот;
- бесплатен влез на Саемот;
- организирани билатерални средби со партнери од ваш интерес.

Патните трошоци се на товар на компаниите.

**Контакт лице:**
**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA




## НАША ЦЕЛ

- давање поддршка за имплементирање на меѓународните стандарди со цел полесен пристап на фирмите на европските пазари и зголемување на деловната активност со партнерите,
- обезбедување на ажурирани податоци и информации од областа на квалитетот, стандардите , а од интерес на фирмите,
- унапредување на знаењата и искуствата со цел подобрување на перформансите на работењето на фирмите

**Контакт:**
Емилија Тодоровска
Телефон: +389 02 3244047
Факс: + 389 02 3244088
emilija@mchamber.mk
www.mchamber.mk

Стопанска Комора  на Северна Македонија
ул.”Димитрие Чуповски” бр. 13
Скопје , Република Северна Македонија

## НАШИ  АКТИВНОСТИ

**Консултантски услуги** за :
- имплементација на Систем за управување со квалитет согласно **ISO 9001:2015**;
- имплементација на **HACCP** (систем за анализа на ризици и критични контролни точки);
- имплементација на Систем за управување со безбедна храна согласно **ISO 22000:2018**;
- имплементација на Систем за управување со животната средина согласно **ISO 14001:2015**;
- имплементација на **HALAL стандард**;
- имплементација на Систем за управување со здравје и безбедност при работа, согласно **ISO 45001:2018.**

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете не' на веб-порталот:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

99 години

Основана 1922

**Дизајн и графичка обработка**

Стево Серафимов
тел: : (02) 3244032, stevo@mchamber.mk

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088